***Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија***
***бр. 03-927 /4***
***27.06.2025 година***

Врз основа на член 30, став (1), алинеја 2, став (3) и став (5), член 48 став (4) и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија бр. 01- 699/5 од 18.10.2019 година, како и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија бр. 01-384/2 од 04.05.2022 година, 01-779/1 од 31.05.2024 година, бр. 01-1449/1 од 25.10.2024 година и бр. 01-810/1 од 30.05.2025 година, како и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категотијата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/2024), Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија, објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2025**
**за пополнување на работни места со унапредување**

Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија објавува интерен оглас за унапредување на 2 (два) административни службеници за следните работни места:

1. Работно место, ниво В1, стручни административни службеници од категорија В, Советник за нормативно правни работи, во Одделение за општи и правни работи, во Сектор за заеднички работи, шифра УПР 0101В01000,– 1 (еден) извршител.

**Посебни услови:**

**Стручни квалификации**
ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Правни науки.

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

**Потребни посебни работни компетенции:**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници од категоријата В:**

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката

**Работно време:** Понеделник до петок, од 07:00 – 15:00 часот, 40 часа неделно

**Нето месечна плата:** **36.732,00 денари**

2. Работно место, ниво В4, стручни административни службеници од категорија В, Помлад соработник за координација и организација, во Одделение за комерција, во Сектор за заеднички работи, шифра КДР 01 02 В04 033,– 1 (еден) извршител.

**Посебни услови:**

**Стручни квалификации**
ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Општествени науки.

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

**Потребни посебни работни компетенции:**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници од категоријата В:**

- за нивото В4 со или без работно искуство во струката

**Работно време:** Понеделник до петок, од 07:00 – 15:00 часот, 40 часа неделно

**Нето месечна плата:** **34.006,00 денари**

Кандидатот кој аплицира на интерниот оглас треба да ги исполнува и следните **општи услови**:

- да е државјанин на Република Македонија,

- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „А” или „Б” при последното оценување,
- да е на работно место непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место (доколку истите ги немаат претходно доставено во персоналното досие) преку архивата на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија до Сектор за заеднички работи на адреса Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија ул 7 ми Ноември бр.50 Гевгелија како и до службената електронска адреса komunalec_gevgelija@yahoo.com со назнака “за интерен оглас 01/2025”

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потврда за успешно реализирани обуки
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае пет (пет) дена од денот на објавувањето на огласот.
Ненавремена, нецелосна и неуредна пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од директорот на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**Гевгелија, 27.06.2025 година**

ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија
Директор,
Раско Чочков